**ЗАПИСНИК**
**од одржаната осма седница на Советот на Општина Градско**
**на ден 27.02.2026 година, со почеток во 11:00 часот**
**во салата на Општина Градско на следиот**

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-143/2
12.03. 2026 год.
ГРАДСКО

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записникот од 7-та седница на Советот на Општина Градско.
2. Предлог- Одлука за усвојување на Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за период јануари-декември 2025 година- четврти квартал.
3. Предлог- Одлука за усвојување на Завршната сметка на Буџетот на Општина Градско за 2025 година.
4. Предлог- Одлука за усвојување на Годишниот извештај на Општина Градско за 2025 година.
5. Предлог- Одлука за измена и дополнување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2026 година.
6. Предлог- Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Градско за 2026 година.
7. Предлог- Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Градско во периодот од 2026 до 2029 година.
8. Предлог- Програма за измена на Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потрбите на граѓаните на Општина Градско за 2026 година.
9. Предлог- Одлука за формирање на Локален совет за превенција.
10. Предлог- Одлука за давање подарок по повод верскиот празник Богојавление- Водици 2026 година.
11. Предлог- Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општина Гевгелија (за вршење на надзор и инспекциски услуги од овластен градежен инспектор од Одделението за инспекциски надзор- инспекторат од општинската администрација на Општина Гевгелија за потребите на Општина Градско).
12. Предлог- Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион.
13. Предлог- Одлука за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци за 2026 година.
14. Предлог- Одлука за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на давателите на јавни услуги и помошно технички персонал во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци за 2026 година.
15. Предлог- Одлука за усвојување на Одлуката за покривање на материјална и нематеријална штета и процесни трошоци во судски постапки и постапки за медијација против ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за надомест на штета како последица од каснување од бездомни кучињаза период од 01.01.2026 година до 31.12.2026 година.
16. Предлог- Одлука за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци со состојба од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.
17. Предлог- Одлука за усвојување на Одлуката за усвојување на Годишна- завршна сметка на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за 2025 година.
18. Разгледувања на барања и поднесоци.
19. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Драгана Данева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Драгана Данева, Веле Петрески, Душко Цековски, Кристина Самандова, Димче Богдановски, Тоше Петревски, Александар Ристовски, Благоја Станишевски и Боне Спасовски.

На седницата присуствуваше Градоначалникот на Општина Градско, Киро Нацков.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита предложениот дневен ред и предложи истиот да биде дополнет со 1(една) точка:

1.Предлог- Одлука за кофинансирање на проект.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 8-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 7-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Советот на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 7-та Седница на Советот на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 7-та Седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 7-та седница на Советот на Општина Градско.

*2.Одлука за усвојување на Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за период јануари-декември 2025 година- четврти квартал.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Кварталниот извештај е за последниот квартал односно за цела 2025 година и податоците се исти како и во завршната сметка и во годишниот извештај. Износот на вкупните приходи е со процент на оствареност од 97,45 %. Тековно оперативните приходи се реализирани 96,41 % додека капиталните приходи 101,13 %. Во однос на расходите вкупната реализација е 95,62%.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за период јануари-декември 2025 година-четврти квартал.

Од присутните 9 советници, со 7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАНИ Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Квартални извештаи (К1, К2 и К3) за извршување на буџетот на Општина Градско за период јануари-декември 2025 година- четврти квартал.

*3.Одлука за усвојување на Завршната сметка на Буџетот на Општина Градско за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Податоците кои се прикажани во завршната сметка се исти како и во кварталниот извештај само во поинаков формат.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Завршната сметка на Буџетот на Општина Градско за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАНИ Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Завршната сметка на Буџетот на Општина Градско за 2025 година.

*4.Одлука за усвојување на Годишниот извештај на Општина Градско за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Дополнително во овој извештај се наведуваат податоците од билансот на состојба. Тука се внесуваат податоци за состојбата со градежните објекти и опремата, другите материјални средстванивната исправка ревалоризација и на крај се доаѓа до сегашната вредност на имотот на општината. Во извештајот наведени се вкупните обврски, имаме долгорочни обврски по основ на јавното приватно партнерство до 2034 година. Потоа обврските за исплата на надоместокот на советниците, платите, за стипендии, составен дел е и реализацијата на инвестициските програми, извештајот за средствата искористени од резервите. Извештајот се доставува до Министерство за финансии и Државен завод за ревизија.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Годишниот извештај на Општина Градско за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАНИ Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Годишниот извештај на Општина Градско за 2025 година.

*5.Одлука за измена и дополнување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Измената и дополнувањето се однесува на додавањето на грантскиот колективен договор, се додаваат и надоместоците кои се однесуваат за јубилејни награди, регрес и за починат близок на вработените во ООУ Даме Груев Градско поради тоа што нашиот буџет е консолидиран буџет и е вклучен и буџетот на училиштето.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за измена и дополнување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАНИ Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за измена и дополнување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2026 година.

*6.Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Градско за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Градско за 2026 година..

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Градско за 2026 година.

*7.Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Градско во периодот од 2026 до 2029 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Стојанче Коцев од општинската администрација. Со програмата се уредуваат мерките и активностите за хумано третирање контрола на бездомните кучиња на територија на општината согласно важечките законски обврски. Програмата ги опфаќа заловувањето, ветеринарен преглед, кастрацијата, вакцинација, чипување и вдомување. Се предвидува третман на околу 30 бездомни кучиња годишно. Изведувач на програмата е СЈП Стационар Шепа Кавадарци.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Градско во периодот од 2026 до 2029 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Градско во периодот од 2026 до 2029 година.

*8.Програма за измена на Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потрбите на граѓаните на Општина Градско за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Киро Нацков- станува збор за зголемување на висината на надоместокот за престојот во градинаката.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за измена на Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потрбите на граѓаните на Општина Градско за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за измена на Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потрбите на граѓаните на Општина Градско за 2026 година.

*9.Одлука за формирање на Локален совет за превенција.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Мери Седмакова Димовска од општинската администрација. Општина Градско има формирано Локален совет за превенција, но поради

тоа што на членовите им е истечен мандатот од 4 години треба повторно да се формира. Во овој совет членови се градоначалникот, претседателот на совет, преставник од полиција, од училиштето, од здравство, од ЈКП. Треба да предложите двајца членови од советниците.

За членови на Локалниот совет за превенција беа предложени Тоше Петревски и Боне Спасовски.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за формирање на Локален совет за превенција.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за формирање на Локален совет за превенција.

*10.Одлука за давање подарок по повод верскиот празник Богојавление- Водици 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 10 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање подарок по повод верскиот празник Богојавление-Водици 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање подарок по повод верскиот празник Богојавление- Водици 2026 година.

*11.Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општина Гевгелија (за вршење на надзор и инспекциски услуги од овластен градежен инспектор од Одделението за инспекциски надзор- инспекторат од општинската администрација на Општина Гевгелија за потребите на Општина Градско).*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 11 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општина Гевгелија (за вршење на надзор и инспекциски услуги од овластен градежен инспектор од Одделението за инспекциски надзор- инспекторат од општинската администрација на Општина Гевгелија за потребите на Општина Градско).

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општина Гевгелија (за вршење на надзор и инспекциски услуги од овластен градежен инспектор од Одделението за инспекциски надзор- инспекторат од општинската администрација на Општина Гевгелија за потребите на Општина Градско).

*12.Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 12 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Лилјана Љуткова од општинската администрација. Имаме потпишано одлука по иницијатива на ЕУ за општините пред една година, ќе се формира тело за управување со дестинации. Тоа значи дека нашиот регион ќе има посебна веб страна каде ќе може да се промовираат убавините на нашата општина заедно другите општини кои се спомнати во одлуката. Ќе се изработува стратегија, програма за промовирање на регионот, ќе има студиски посети. Финансирано е од ЕУ.

Киро Нацков- се работи за општините по течението на реката Вардар. Идеата е од ЕУ, а главна поента е развивање на туризмот по течението на река Вардар.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион.

*13.Одлука за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР - ШЕПА" Кавадарци за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 13 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде директорката на ЗЈП Стационар Шепа Кавадарци Снежана Гинева. Вредноста на бодот се утврдува на годишно ниво и е исто како минатата година само административно мора да ја имамме согласноста од општините.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на

бодот за исплата на плати на административните службеници во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР - ШЕПА“ Кавадарци за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР - ШЕПА“ Кавадарци за 2026 година.

*14.Одлука за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на давателите на јавни услуги и помошно технички персонал во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР - ШЕПА“ Кавадарци за 2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 14 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на давателите на јавни услуги и помошно технички персонал во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР - ШЕПА“ Кавадарци за 2026 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на давателите на јавни услуги и помошно технички персонал во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци за 2026 година.

*15.Одлука за усвојување на Одлуката за покривање на материјална и нематеријална штета и процесни трошоци во судски постапки и постапки за медијација против ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за надомест на штета како последица од каснување од бездомни кучињаза период од 01.01.2026 година до 31.12.2026 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 15 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде директорката на ЗЈП Стационар Шепа Кавадарци Снежана Гинева. Поради тоа што претпријатието нема посебен буџет за покривање на вакви судски постапки на УО донесовме Одлука за секоја општина каде што има таков случај самата општина да ги покрие трошоците, најчесто се решаваат со медијација. Ваква одлука имавме и лани од 7 до 12 месец.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Одлуката за покривање на материјална и нематеријална штета и процесни трошоци во судски постапки и постапки за медијација против ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за надомест на штета како последица од каснување од бездомни кучињаза период од 01.01.2026 година до 31.12.2026 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Одлуката за покривање на материјална и нематеријална штета и процесни трошоци во судски постапки и постапки за медијација против ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за надомест на штета како последица од каснување од бездомни кучињаза период од 01.01.2026 година до 31.12.2026 година.

16.*Одлука за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци со состојба од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 16 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде директорката на ЗЈП Стационар Шепа Кавадарци Снежана Гинева. Од извештајот може да се види колку донации имаме од општините, колку приходи имаме од заловување на кучиња. Прикажани се и остварените расходи. Прикажани се и неисплатените средства по фактурирани износи по општини од 2024 година и фактурирани износи за 2025 година. Прикажано е колку кучиња имаме вкупно заловено како и по општини. 486 кучиња имаме заловено, 101 се вдомени, 17 се еутанизирани и 10 угинати.

Боне Спасовски- во врска со Управниот одбор ќе се намали ли бројот на членови или останува исто.

Снежана Гинева- не, бројот на членовите во УО и НО е според број на жители на секоја општина. Во УО има 7 члена а во НО има 3 членови. Разговарано е и доколку немаме потреба не свикуваме седници секој месец.

Веле Петрески- има ли можност од секоја општина да има лице и да се види колку домашни миленици се чипирани, немаме евиденција а се повеќе кучиња има по улиците.

Снежана Гинева- направивме мониторинг, тоа е до неедуцираноста на луѓето. Наредно е да се третира не само централно туку треба да се делува рурално.

Димче Богдановски- Кој е начинот да се среди со сопствениците на кучињата, неколку пати се опоменати но нема никаков напредок, децата се плашат.

Снежана Гинева- мора да бедат чипирани и стерилизирани. Исто така во врска со кучињата надлежност е на ветеринарните инспектори и комуналните инспектори или комунален редар кои постапуваат согласно член од законот за комунални дејности.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци со состојба од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци со состојба од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

*17.Одлука за усвојување на Одлуката за усвојување на Годишна- завршна сметка на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 17 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде директорката на ЗЈП Стационар Шепа Кавадарци Снежана Гинева која детално ја образложи по приходи и расходи.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Годишна- завршна сметка на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Годишна- завршна сметка на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за 2025 година.

*18.Одлука за кофинансирање на проект.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 18 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде градоначалникот Киро Нацков. Се работи за повик од Биро за регионален развој. Средствата за општините од Вардарскиот регион се делат исто за секоја општина, оваа година имаме околу 2.500.000,00 денари по општина. Се одлучивмеда конкурираме во делот на улици, ќе продолжиме со реконструкција на улица 8 Септември дел 7, споредпроценетата вредност е 2.900,000,00 денари што значи дека остатокот од срествата траба да го платиме со сопствени средства. Јавната набавка ја спроведува Центарот за развој на Вардарски плански регион. Во зависност од тоа колку ќе падне процентуално толку средства ќе се повлечат

Димче Богдановски- може ли цената да се зголемува.

Киро Нацков- не, со јавната набавка може само да се намали, но тие 2.500.000,00 денари се фиксни, може да се намали само нашето учество.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за кофинансирање на проект.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за кофинансирање на проект.

*19.Разгледувања на барања и поднесоци.*

а) Барање од Зарифе Мемиши од с.Уланци, Општина Градско за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

б) Барање од ФК Тим Локомотива 2018 Градско за доделување на финансиски средства за учество на натпревари, набавка на опрема и тековни активности.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

в) Барање од Мелиса Махмутовиќ од Градско за доделување на финансиски средства за лекување.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

г) Барање од Зулихана Реџепова од Градско за доделување на финансиски средства за покривање на трошоци за погреб на нејзината малолетна ќерка.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

*20.Разно.*

Димче Богдановски- земјоделците прашуваат дали ќе продолжи легализацијата на тракторите и на улица Васил Главинов во Градско има над 20 куќи, за дооформување на парцелите фигурираат три лица од кои двајца даваат согласност а еден не се согласува. Станува збор за КП 29/1 КО Градско, Советот го задолжува градоначалникот да поведе постапка за расправање на оставина по службена должност.

Киро Нацков- само Виктор Лазов успеа да ја заврши работата останатите не поради имотно правен проблем. Некои од луѓето имаат направено елаборати, за да не им пропадне постапката единствен начин да се реши и без тој еден човек е со донесување на Одлука од советот.

Советниците едногласно со 9 гласа ЗА, одлучија да се донесе Одлука како би се решил проблемот со дооформување на парцелите.

Боне Спасовски- проблемот кај чешмата не е решен, полно е со кал, се поткопува. Центарот не е исчистен, мора да има еден одговорен. На ридот истурале ѓубре направена е депонија, патот е стеснет нема каде да се помине. До каде е работата со Жито.

Киро Нацков- во Управен суд е.

Димче Бодгановски- на шеталиштето каде што нема дрвја да се насадат нови садници.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори осмата седница во 12:30 часот.

Записник водел:

_______________________

Мери Седмакова-Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско

_______________________

Драгана Данева